

# ЕУ- Твининг проект

***ENEA - спроведување на правото на ЕУ за животната средина***

**www.sei.gov.mk**

*- Европската Унија е составена од 28 земји-членки, кои имаат одлучено постепено да ги поврзуваат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно, во текот на 50 годишното проширување, тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, и притоа ги одржаа културните разлики, толерантноста и личните слободи.*
*Европската Унија е посветена на споделување на своите достигнувања и на своите вредности со земјите и народите надвор од нејзините граници.*

## ЕУ Твининг проект

## ENEA - спроведување на правото на ЕУ за животната средина

## Твининг Програма

Овој проект е дел од Твининг програмата на Европската комисија, која е создадена 1998 година. Твининг програмата овозможува на **јавната администрација** и делумно јавните организации во државите корисници да работат заедно со нивните еквивалентни институции од државите членки на Европската унија. Главна одлика на Твининг проектот е да испорача **специфични и загарантирани резултати.** Страните се договараат однапред за оствварувањето на деталните работни програми и за целите кои се однесуваат на приоритетните области од европското законодавство.

## Основни податоци за проектот и содржина

Постигнување добро ниво на усогласеност со законодавството на животната средина е голем предизвик за секоја држава. Главна цел на Министерството за животна средина и просторно планирање е да се подобри усогласеноста со законодавството во животната средина за сите македонски граѓани, индустрии и останатите заинтересирани страни. За таа цел планирани се три групи активности кои ќе бидат заеднички финансирани: (i) **Твининг проектот** со кој се поддржува инспекцијата во животната средина на централно и локално ниво, (ii) **Проект за техничка помош**, со кој се поддржуваат општините во нивните обврски поврзани со имплементацијата на законодавството во животната средина , и (iii) **Договор** за обезбедување на различни видови на опрема и софтвер за подобрување на условите за работа на инспекторите за животна средина во земјата. Трите активности беа реализирани во периодот 2015-2016 година.



## Твининг проект: Цели

### Проектот ги имаше следните главни цели:

- Да се подобрат законите кои опишуваат како работи инспекцискиот систем како и инспекторите за животна средина.
- Да се предложат промени во институциите кои се поврзани со инспекциите во животната средина со цел оптимизирање на нивните ресурси.
- Да се подобри планирањето на инспекциските овластувања давајќи приоритет на решавањето на поголемите детектирани проблеми во животната средина.
- Да се обезбеди поддршка во подготовката и подобрување на бројни алатки за секојдневна работа на инспекторите и на индустриските оператори, како што се интернет страница, информациски систем за управување, водичи за инспектори и за управители на индустриски капацитети и листи за инспекциска проверка за одредени специфични индустриски сектори.

*- Оваа публикација е изработена со помош од Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствено одговорност на Државниот инспекторат за животна средина и Конзорциум сочинет од Шпанија - Холандија под раководство на Галициското Регионално министерство за животна средина и просторно планирање и инфраструктура и на ниеден начин не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.*

## Постигнати резултати

**Со цел исполнување на утврдените цели, проектот ги оствари следниве активности:**

**1.** Испорака на следниве главни резултати во насока на подобрување на системот за инспекција и спроведување на животната средина:
- Правни и институционални извештаи од оценувањето.
- Извештај со предлози за подобрување на системот на контрола на животната средина во Република Македонија
- Предлог Закон за инспекција во животна средина, кој е во својата последна фаза на одобрување пред да биде испратен до Владата.
- Табела за Усогласување на утврдените стандарди за предлог Законот за инспекција во животна средина со законодавството на ЕУ во врска со инспекцијата во животната средина (особено со Директивата 2010/75 / ЕУ, Препораката 2001/331 / ЕЗ за обезбедување минимум критериуми за инспекциите и Директивата Севесо III 2012/18 /ЕУ).
- Испорака на македонската верзија на софтверот за процена на ризикотIRAMна ЕУ IMPEL мрежата прилагоден на Македонија, за планирање на инспекциите во животната средина во согласност со најдобрите практики на ЕУ, и две обуки испорачани на инспекторите за нејзината употреба.
- Предлози за тоа како да се воспостави добар систем на индикаторите за перформансите за успешноста на Државниот инспекторат за животна средина (ДИЖС) и инспекторите.
- Предлози за подобрување и надградба на сегашниот софтвер кој се користи од страна на ДИЖС.
- Предлози за исполнување на инспекциските работи поврзани со прекуграничниот транспорт на отпад, како и за известување на обврските кон ЕУ.
- Предлози на содржините за понатамошно следење на проекти во областа на заштита на животната средина.

**2.** Испорака на следниве резултати и мисии во врска со обуките и градењето на капацитетите:
- Извештај за Проценка на потребите од обука.
- Програма за обука во која се дефинираат мисиите за обука што треба да бидат остварени во рамките на твининг проектот.
- Извештај за дефинирање на програми за обука и предлози за долгорочно градење на капацитетите за ДИЖС.
- Испорака на 12 мисии за обука во кои беа опфатени циклусот на инспекција во животната средина, запознавање на индустриските сектори и техниките за намалување на загадувањето, инспекции на пилот инсталации, земање мостри и следење, градење на капацитетите за комуникација и градење на тим и употребата наIRAMсофтверот.
- Спроведени беа три студиски патувања, во Шпанија (мај 2015 година), Португалија и Шпанија (октомври 2015) и Холандија (април 2016 година).

**3.** Испорака на следниве документи за насоки и обрасци за поддршка на инспекторите:
- Прирачник за инспекција во животната средина.
- Општи листи за проверка за инспекциите во животната средина.
- Хоризонтални листи за проверка за најдобрите достапни техники листа за инспекциите.
- 12 секторски листи за проверка за инспекциите во животната средина.
- 12 секторски листи на податоци (да запознавање со секторот и со техниките со цел намалување на загадувањето во одредениот сектор).
- Образец за инспекцискиот извештај за инсталации кои подлежат на Директивата 2010/75 / ЕУ.
- Упатство во случаи на инциденти или несреќи, вклучувајќи и образец за записник.

**4.** Испорака од следниве материјали поврзани со комуникација со засегнатите страни:
- Веб страница на ДИЖС, вклучувајќи информации за операторите, најчесто поставувани прашања, законодавството, сите наведени документи ... www.sei.gov.mk.
- Информативна брошура за индустриските оператори.

## Податоци за проектот

**Наслов:** „Зајакнување на административните капацитети на државно и локално ниво за спроведување на acquis во областа на животната средина"

**Буџет**: € 1.000.000

**Период на имплементација:** 12/01/2015-11/08/2016

**Главна институција -корисник наведена во проектното фише:**
Државен инспекторат за животна средина

**Институции од Земјите членки поврзани со земјата корисник:**

- Шпанија: Галициско регионално Министерство за животна средина, просторно планирање и инфраструктура, и FIIAP
- Холандија: Министерство за инфраструктура и животна средина, RWS – Директорат за животна средина / Холандски центар на знаење InfoMil

## Клучни податоци за контакт:

| | | |
|---|---|---|
| Адреса на Проектната канцеларија | Државен Инспекторат за животна средина<br>Кеј Димитар Влахов бр.4 (стара зграда на Комерцијална банка, прв спрат, источен влез) | |
| Фирус Мемед | Раководител на проектот | f.memed@yahoo.com<br>тел: +389 2 3251 556 |
| José Francisco Alonso Picón | Раководител на проектот од шпанска страна | jose.francisco.alonso.picon@xunta.es<br>тел: +34 981 541 740 |
| Rob Kramers | Раководител на проектот од холандска страна | rob.kramers@rws.nl<br>тел: +31 646 430 911 |
| Дарко Блинков | Постојан твининг советник | blinkov_d@yahoo.com<br>тел: +389 75 404 410 |
| César Seoánez | Постојан твининг советник- РТА | inspection.cs@gmail.com<br>тел: +389 71 377 712 |
| Лидија Фајдига | Асистент на РТА | inspection.lfajdiga@gmail.com<br>тел: +389 71 321 481 |
| Јасмина Никуљска | Преведувач | inspection.jn@gmail.com<br>тел: +389 70 236 811 |



# EU Twinning Project

*ENEA - ENforcing Environmental Acquis*

www.sei.gov.mk

FIIAPP
COOPERACIÓN ESPAÑOLA

*- The European Union is made up of 28 Member States who have decided to gradually link together their know-how, resources and destinies. Together, during a period of enlargement of 50 years, they have built a zone of stability, democracy and sustainable development whilst maintaining cultural diversity, tolerance and individual freedoms. The European Union is committed to sharing its achievements and its values with countries and peoples beyond its borders.*

## EU Twinning Project

## ENEA - Enforcing Environmental Acquis

## The Twinning Programme

This project belongs to the Twinning Programme of the European Commission, created in 1998. Twinning provides the framework for **public administrations** and semi-public organisations in the beneficiary countries to work with their counterparts in EU Member States. The main feature of a Twinning project is to deliver **specific and guaranteed results**. The parties agree in advance on a detailed work programme to meet an objective concerning **priority areas of the EU legislation**.

## Project Background and Context

Achieving a good level of compliance with environmental legislation is a big challenge for any country. A main **target** of the Ministry of Environment and Physical Planning is to **improve** such **compliance** with environmental legislation of all Macedonian citizens, industries and other stakeholders. For this sake a set of **3 EU-cofinanced actions** was designed: (i) **this Twinning project** , supporting environmental inspection at central and local levels, (ii) **a Technical Assistance** project, supporting municipalities in other duties related to implementation of environmental legislation, and (iii) **a supply contract** providing different kinds of equipment and software to improve the working conditions of environmental inspectors in the country. The 3 actions have been implemented within the years 2015 – 2016.



## The Twinning Project: Objectives

### The project had the following main objectives:

1. To improve the laws that describe how the environmental inspection system and the environmental inspectors work.

2. To suggest changes in the institutions related to environmental inspections, to optimize their resources.

3. To improve the planning of inspection authorities, prioritizing the solution of biggest environmental problems detected.

4. To deliver or support the elaboration or improvement of numerous tools for daily work of inspectors and industrial operators, such as website, information management system, guides for inspectors and for industrial owners, and inspection check lists specific to some industrial sectors.

*- This publication has been produced with the assistance of the European Union. The contents of this leaflet are the sole responsibility of the State Environmental Inspectorate and the Spanish – Dutch Consortium lead by the Galician Regional Ministry of Environment Spatial Planning & Infrastructures, and can in no way be taken to reflect the views of the European Union.*

## Results achieved

**Fulfilling its objectives, the project has performed the following activities:**

**1.** Delivery of the following main outputs aimed at the improvement of the environ mental inspection and enforcement system:

- Legal and institutional assessment report.
- Report with proposals for the improvement of the environmental inspection sys tem in the Republic of Macedonia
- Draft of Law for Inspection on Environment, which is in its last stages of approval before being sent to the Government.
- Table of Concordance benchmarking the draft Law for Inspection on Environ ment with EU legislation relevant to environmental inspection (in particular Directive 2010/75/EU, Recommendation 2001/331/EC providing for minimum criteria for environmental inspections, and Seveso III Directive 2012/18/EU).
- Delivery of a Macedonian version of the EU IMPEL risk assessment IRAM software adapted to Macedonia, for the planning of environmental inspections in line with EU best practice, and 2 trainings delivered to inspectors on its use.
- Proposals on how to establish a good system of performance indicators to evaluate the State Environmental Inspectorate (SEI) and the inspectors.
- Proposals to improve and upgrade the current software used by SEI.
- Proposals for the fulfillment of inspection-related duties linked to transfrontier shipments of waste, and to reporting obligations towards the EU.
- Proposals of contents for follow-up projects in the field of environmental enforcement.

**2.** Delivery of the following outputs and missions related to training and capacity building:

- Training Needs Assessment report.
- Training Programme defining the training missions to be delivered within the Twinning project.
- Report defining training curricula & long-term capacity building proposals for SEI.
- Delivery of 12 training missions covering the environmental inspection cycle, knowledge of industrial sectors & abatement pollution techniques, inspections to pilot installations, sampling & monitoring, capacity building on communication and team building and use of IRAM software.
- Implementation of 3 study tours, to Spain (May 2015), Portugal & Spain (October 2015), and The Netherlands (April 2016).

**3.** Delivery of the following guidance documents and templates to support inspectors:

- Environmental Inspection Manual.
- Generic environmental inspection checklist.
- Horizontal Best Available Techniques inspection checklist.
- 12 sectorial environmental inspection checklists.
- 12 sectorial factsheets (to know the sector & techniques to minimise its pollution).
- Template for inspection report for installations subject to Directive 2010/75/EU.
- Guidance for cases of incidents or accidents, including template for minutes.

**4.** Delivery of the following materials related to communication with stakeholders:

- SEI website, including info for operators, Frequently Asked Questions, legislation, all documents mentioned… www.sei.gov.mk .
- Informative leaflet for industrial operators

## Project data

**Title:** "Strengthening the administrative capacities at central and local level for implementation and enforcement of the environmental acquis"

**Budget**: € 1.000.000

**Implementation period:** 12/01/2015-11/08/2016

**Main beneficiary Institution indicated in the Project's Fiche:**
State Environmental Inspectorate

**Member State institutions twinned with the Beneficiary:**

- Spain: Galician Regional Ministry of Environment, Spatial Planning and Infrastructures, and FIIAPP
- The Netherlands: Ministry of Infrastructure and Environment, RWS – Directorate Environment / Dutch Knowledge Centre InfoMil

## Key Contact Data:

| | | |
|---|---|---|
| Address of Project Officce | State Environmental Inspectorte<br>Kej Dimitar Vlahov No.4, (old Comercial Bank Building,<br>1st ™ floor east gate) | |
| Firus Memed | Beneficiary Project Leader | f.memed@yahoo.com<br>tel: +389 2 3251 556 |
| José Francisco Alonso Picón | Spanish Project Leader | jose.francisco.alonso.picon@xunta.es<br>tel: +34 981 541 740 |
| Rob Kramers | Dutch Junior Project Leader | rob.kramers@rws.nl<br>tel: +31 646 430 911 |
| Darko Blinkov | RTA Counterpart | blinkov_d@yahoo.com<br>tel: +389 75 404 410 |
| César Seoánez | Resident Twinning Advisor (RTA) | inspection.cs@gmail.com<br>tel: +389 71 377 712 |
| Lidija Fajdiga | RTA Assistant | inspection.lfajdiga@gmail.com<br>tel: +389 71 321 481 |
| Jasmina Nikuljska | RTA Language Assistant | inspection.jn@gmail.com<br>tel: +389 70 236 811 |